Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 март 2022 година**

**Скопје, март 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 март 2022 година**

Седницата започна во 14:15 часот.

На седницата претседаваат претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и доц. д-р Владимир Рендевски, заменик на министерот за здравство.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Орхан Муртезани, директор на Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (МЕПСО) и Билјана Пецовска, нотар.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување на Записникот од Дваесет и втората (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 март 2022 година**
- **Усвојување на Записникот од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 март 2022 година**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија-Агенда Европа дома
- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2022 година-30 јуни 2022 година
- Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција

1. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*)

2. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија, во Катастарот на недвижности

3. Информација за кадровската екипираност на инспекциските служби во Република Северна Македонија, со План за доекипирање за периодот 2022-2023 година

4. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“-Велес за 2022 година

5. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип за 2022 година, со Предлог-одлука за давање согласност

6. Информација со предлог за донесување на Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта за 2022 година, со Предлог-одлука

7. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на капацитетите за флаширање на вода за комерцијални потреби

8. Годишна инвестициона програма на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија“ за 2022 година, со Предлог-одлука

9. Информација за покренување на постапка за зголемување на основната главнина на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост, со влогови преку издавање на нови акции од десеттата емисија по пат на приватна понуда, со Предлог-одлука

10. Информација за регулирање на обврските по Договор за заем со архивски број од Влада 21-10777/1 и архивски број на НЕР АД Скопје 05-5347/1 од 25.12.2019 година

11. Информација во врска со постапка за кредитно задолжување на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со Предлог-одлука

12. Годишен извештај за работата на директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви за 2021 година, со Предлог-одлука

13. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната установа „Национален парк Галичица“- Охрид, Република Северна Македонија

14. Информација за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движни ствари без надомест во државна сопственост (компјутери), со предлог-одлуки

15. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Струмица (Имотен лист бр.13088)

16. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Струмица (Имотен лист бр.16702 и Имотен лист бр.16488)

17. Информација за статусот на спроведување на проектот „Изградба на водоснабдителен систем за град Крушево“

18. Барање за давање на трајно користење на станбен простор и помошни простории сопственост на Република Северна Македонија во КО Росоман на КП бр.4615, на улица Маршал Тито во Росоман, со Предлог-одлука

19. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за трговија

20. Информација за Предлог-енергетскиот биланс на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-одлука

21. Информација со Предлог-меморандум за соработка во туризмот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија, со усогласен текст на Меморандум

22. Информација во врска со престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Мирковец“, Општина Василево („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.219/20), со Предлог-одлука

23. Информација во врска со престанување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Острата Скрка“ Општина Струмица („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.218/20), со Предлог-одлука

24. Информација со предлог на стратегија за унапредување на системот на јавните набавки во Република Северна Македонија, за периодот 2022-2026 година, со текст на Предлог на стратегија и Акциски план

25. Информација по Барање за репрограмирање на долг бр.11-28/1 од 3.1.2022 година, поднесено од Општина Василево

26. Информација за реализација на повеќегодишна набавка на софтвер за новиот компјутеризиран транзитен систем-фаза 5

27. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година

28. Информација за преземените мерки на Министерството за животна средина и просторно планирање за подобрување на состојбата со нивото на водостојот на акумулацијата „Тиквешко Езеро“

29. Информација за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на фекална канализациска мрежа и главен колектор за н.м. Копаница, Општина Сарај

30. Информација за отпочнување со реализација на проектот „Реконструкција на фекална канализација на крак 4, 4.1, 4.2, 4.3, 4.4 и крак 5 во н.м. Росоман, Општина Росоман“

31. Информација за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на фекален и атмосферски канализациски систем за населено место Градско Балдовци, Општина Струмица

32. Предлог-програма за спроведување на интервентен фонд за земјоделството

33. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Песочани - Требениште, км.0+000,00-км.12+698,72, за стабилизација на косини и санација на свлечишта од км. 3+5700 до км. 3+700, КО Ботун, Општина Дебрца, со Предлог-одлука

34. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Песочани - Требениште, км 0+000,00-км

12+698,72, за стабилизација на косини и санација на свлечишта, од км 4+020 до км 4+400 КО Ботун, Општина Дебрца, со Предлог-одлука

35. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека-Охрид, од км 10+424,89 до км 22+246,05, за санација и стабилизација на косина на км 17+040-км 17+460, КО Попоец, Општина Кичево, со Предлог-одлука

36. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за мала хидроелектрична централа Габровска Река со реф.бр.104 со придружни објекти, КО Доброште-вонград, Општина Теарце, со Предлог-одлука

37. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрична централа на река Пена-локација бр.407 КО Бродец и КО Селце-вонград, Општина Тетово, со Предлог-одлука

38. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ Маркова со реф.бр.145 и придружни објекти КО Елово, КО Цветово, КО Малчиште, Општина Студеничани, со Предлог-одлука

39. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Текстил-Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Скопје, со Предлог-одлука

40. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги „Конкорд груп“ ДООЕЛ Скопје ул. Перо Наков бр. 31, Скопје, со Предлог-одлука

41. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за земјоделство, трговија и услуги Агро иднина ДООЕЛ увоз-извоз с.Мамутчево-Велес, со Предлог-одлука

42. Предлог-одлука за давање согласност на Решението за давање согласност за распределба на земјоделското земјиште во државна сопственост внесено во консолидационата маса согласно со предлогот за распределба на земјиштето во консолидационата маса претежно во катастарската општина Дабјани, Општина Долнени

43. Информација за давање на согласност за склучување на анекс-договори за користење-концесија на дивечот во ловиштата согласно Законот за дополнување на Законот за ловството („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 283/21)

44. Предлог-одлука за давање согласност за пренос на уделот во Друштвото за производство, трговија и услуги „Бистрица“ ДОО с.Мајден, Кавадарци

45. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за коцкање и обложување „Ма гаминг“ ДООЕЛ Скопје за деловната просторија на ул. „Никола Вапцаров“ бр.7, Скопје

46. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Делчево

47. Предлог-решение за изменување на Решението за определување на членови на Комитетот за градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија

48. Предлог-закон за изменување на Законот за административни службеници, по скратена постапка

49. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за униформата и ознаките на униформата на полицијата

50. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1657 на Советот од 6 ноември 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1894 и Одлуката (ЗНБП) 2021/1966 на Советот од 11 ноември 2021 за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1894 за рестриктивни мерки во однос на неодобрените активности на дупчење на Турција во Источен Медитеран

51. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за образование и наука

52. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово

53. Барање на Ана Опачиќ, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

54. Информација за изменување на Решението за формирање на Советот за реформа на јавната администрација, со Предлог-решение

55. Предлог-програма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2022 година

56. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Филхармонија на Република Северна Македонија-Скопје

57. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Кочо Рацин“-Свети Николе (плата)

58. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Митко Пенџуклински“-Кратово

59. Предлог-одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2022 година на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски”-Скопје придружна членка на Универзитет „Св. Кирил и Методиј”-Скопје

60. Предлог-одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2022 година на Факултетот за исламски науки-Скопје

61. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

62. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов

63. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

64. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор

65. Иницијатива поднесена од Иван Лотески од Охрид, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.2/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 3 став 1 алинеја 3, член 4 ставови 1 и 2, член 12 став 3, член 13 став 1, член 16 став 5 и член 39 став 1 алинеја 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019)

66. Понуда од нотар Методија Ристоски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.70483 за КО Маџари, КП бр.311, викано место/улица Жан Жорес

67. Понуда од нотар Маринчо Велјановски од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.70397, Имотен лист бр.70518, Имотен лист бр.71003 и Имотен лист бр.18019 за КО Битола 5, на КП бр.17516, Викано место/улица „Боримечка“

68. Понуда од нотар Васил Кузманоски од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.103563, за КО Охрид 4, на КП бр.3912, викано место/улица „Град“

69. Понуда од нотар Христина Стаменкова од Свети Николе, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.300, за КО Мечкуевци, на КП бр.1414, викано место/улица Минтеви ливади

70. Понуда од нотар Христина Стаменкова од Свети Николе за право на првенствено купување на недвижен имот-земјиште со Имотен лист бр.274 за КО Мечкуевци, КП бр.1977 на викано место/улица Смрково

71. Понуда од нотар Башким Амети од Скопје, за размена на недвижен имот-идеални делови со Имотен лист 96515 за КО Ѓорче Петров 6 на КП 9759 и со Имотен лист 93572 за КО Ѓорче Петров 6 на КП 9760

72. Понуда од нотар Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.40723 за КО Центар 1 на КП бр.13112 на викано место/улица Бл.Деспотов, со дополнување

73. Понуда од нотар Махир Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5147, за КО Ѓорче Петров 3-Дексион, на КП бр.4343, викано место/улица П.Гиновски, со дополнување

74. Известување од извршител Васко Блажевски од Скопје под И.бр.1809/18 за Налог за извршување врз недвижен имот-земјоделско земјиште запишан во Имотен лист број 401 КО Г Коњари

75. Кадровски прашања

76. Прашања и предлози

77. Информација за реализација на Националната програма „2021-година во чест на Блаже Конески“ со која Република Северна Македонија го одбележа големиот јубилеј-100 години од раѓањето на македонскиот лингвист и великан

78. Извештај за работата на Советот за македонски јазик (јануари-јули 2021 година)

79. Финансиски план на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија со табеларни параметри согласно урнеците за финансиско управување за користење средства за 2022 година кои произлегуваат од Буџетот и други материјални закони

80. Информација со статистички податоци за цела 2021 година (по месеци) за тоа колку барања за издавање на потврди за пријави-одјави за вработување на странци во тој период се доставени до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, по колку од нив е постапено и во кој рок

81. Информација во врска со Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за период од 1.10.2021 година до 31.12.2021 година донесена од Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје бр.02-922/3 од 3 февруари 2022 година

82. Информација во врска со спроведено оценување на Комисијата за оценување и анализа на резултатите добиени од спроведеното мерење на квалитет согласно Методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите

83. Конечни извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Министерството за правда (сметка на основен буџет 631, сметка на основен буџет 637 и депозитна сметка 696)

84. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност „Управување со јавниот долг-задолжување на Република Северна Македонија“

85. Извештај за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во 2021 година

86. Извештај за работата на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба во 2021 година

87. Информација за реализација на Програма за заштита на природата за 2021 година

88. Информација за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за јануари 2022 година

89. Информација со известување за донесеното Решение за одобрување на ловење на дивеч под заштита и преземени мерки од Агенцијата за храна и ветринарство во однос на појавата на „африканска чума“ кај свињите

90. Информација за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправна сеча на шуми, во периодот 1 октомври 2021 година 31 декември 2021 година

91. Шестмесечен извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јули-декември 2021 година

92. Информација за напредокот во спроведување на проектот „Регионален портал на деловни регистри на Југоисточна Европа-Бифидекс“

93. Извештај за распределба на средства (согласно Одлуката на Влада бр. 40-12854/1 од 21 декември 2021 година)

94. Предлог-одлука за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката 2014/145/ЗНБП на Советот од 17 март 2014 година за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и регулативата на Советот (ЕУ) 269/2014 од 17 март 2014 година за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

95. Предлог-одлука за воведување рестриктивни мерки согласно одлуката (ЗНБП) 2022/267 на Советот од 23 февруари 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата на Советот за спроведување (ЕУ) 2022/261 од 23 февруари 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

96. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/354 на Советот од 2 март 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/353 на Советот од 2 март 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитетот и независноста на Украина

97. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година

98. Информација за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Cold Response 22 “ во Кралство Норвешка, со Предлог-одлука

99. Предлог-одлука за одобрување средства од Резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година (Државна изборна комисија)

100. Информација за сместувачките капацитети на државните органи за подготовка на активности за евентуална бегалска криза предизвикана од воените дејствија во Република Украина

101. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/265 на Советот од 23 февруари 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина, Регулативата (ЕУ) 2022/259 на Советот од 23 февруари 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) 269/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/260 на Советот од 23 февруари 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 269/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

102. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/331 на Советот од 25 февруари 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитетот и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/332 на Советот од 25 февруари 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитетот и независноста на Украина

103. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година

104. Предлог-деловник за изменување на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија

105. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/241 на Советот од 21 февруари 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/236 на Советот од 21 февруари 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

106. Предлог-одлука за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/337 на Советот од 28 февруари 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/336 на Советот од 28 февруари 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 269/2014 за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

107. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/329 на Советот од 25 февруари 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата (ЕУ) 2022/330 на Советот од 25 февруари 2022 година за изменување на регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

108. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост

109. Предлог-решение за изменување на Решението за формирање на Работна група за подготовка на текстови за изменување и дополнување на закони заради дигитализација на процесите поврзани со постапките утврдени со закон

110. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности

111. Информација за потребата од временско продолжување на Проектот за итно справување со КОВИД-19

112. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари без надомест на Државното правобранителство на Република Северна Македонија

113. Предлог-одлука за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година

114. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на видот на добрата и временскиот период на ослободување од плаќањето на данокот на додадена вредност во земјата со право на одбивка на претходниот данок

*

* *

Владата без забелешки ги усвои записниците од Дваесет и втората (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 март 2022 година и Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 март 2022 година.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

*

* *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија-Агенда Европа дома**

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Бојан Маричиќ ги информираше членовите на Владата за отпочнувањето на подготовката на Годишниот пакет за проширување кој го вклучува Годишниот извештај за процесот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија (во периодот октомври 2021 заклучно со март 2022 година) а во врска со укажувањата од Деветнаесеттата седница на Владата, одржана на 2 март 2022 година.

Исто така, информираше дека доставен е допис со прилог прашалнииици од Европската комисија до надлежните институции, со што  истите се задолжуваат да постапат согласно насоките и роковите содржани во нив.

Притоа, повторно нагласи дека придонесот на секоја институција треба да содржи сеофатни, но концизни и фактички информации за остварените резултати за секоја во надлежност на одредена институција по соодветните поглавја и истиот да се достави до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 30 март 2022 година, со цел Секретаријатот за европски прашања да ги состави на време во форма на извештај, на 12 април да го предложи на седница на Влада за да биде усвоен како официјален одговор на нашиот придонес кон извештајот на Европската комисија и да го достави до Европската комисија заклучно со 20 април 2022 година.

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2022 година-30 јуни 2022 година**

Владата заклучи:

1. Го разгледа и прифати текст на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2022 година-30 јуни 2022 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година.

2. Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1.2022-30.6.2022 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1.2022-30.6.2022 година и навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од истата.

- **Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција за 2021 година, со Извештај за бројот на поднесени

пријави/поплаки до Електронскиот систем за поднесување на електронски пријави и поплаки поврзани со услугите кон јавната администрација и нивниот статус на решавање за периодот 9.11.2021-10.3.2022 година.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*) и условно ја донесе Уредбата, со заклучок истата претходно да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија, во Катастарот на недвижности и го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија, во Катастарот на недвижности со заклучок Државно правобранителство на Република Северна Македонија да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 3</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за кадровската екипираност на инспекциските служби во Република Северна Македонија, со План за доекипирање за периодот 2022-2023 година и ја усвои Информацијата, со заклучок кадровското екипирање на инспекциските служби да се обезбеди преку внатрешно прераспоредување или преземање на вработени од други институции.

**<u>Точка 4</u>**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“-Велес за 2022 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 5</u>**

Владата ја разгледа Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип за 2022 година, со Предлог-одлука за давање согласност и по истите заклучи во најкраток можен рок да се усогласат со антикризните мерки за рационализација на трошоците во јавниот сектор усвоени на Дваесет и осмата седница на Владата, одржана на 15 март 2022 година, како и со задолжението за усогласување на актите за нивелирање на платите согласно минималната плата во Република Северна Македонија, усвоено на седницата на Владата, одржана на 15 март 2022 година.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за донесување на Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта за 2022 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на работните во Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на капацитетите за флаширање на вода за комерцијални потреби, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата ги разгледа новиот текст на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија“ за 2022 година, со Предлог-одлука и новиот текст на Програмата за работа и развој на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија“ за 2022 година и по истите заклучи во најкраток можен рок да се усогласат со антикризните мерки за рационализација на трошоците во јавниот сектор усвоени на седница на Владата, одржана на 15 март 2022 година, како и со задолжението за усогласување на актите за нивелирање на платите согласно минималната плата во Република Северна Македонија, усвоено на седницата на Владата, одржана на 15 март 2022 година.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за покренување на постапка за зголемување на основната главнина на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост, со влогови преку издавање на нови акции од десеттата емисија по пат на приватна понуда, со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го донесе најновиот текст на Одлуката за зголемување на основната главнина на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост, со влогови преку издавање на нови акции од десеттата емисија по пат на приватна понуда, во предложениот текст.

2.Се задолжува Министерството за економија, средствата во износ од 10.130.300,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија објавен на денот пред денот на донесување на Одлуката за зголемување на основната главнина на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост со влогови преку издавање на нови акции од десетта емисија по пат на приватна понуда, кои се обезбедени во Буџетот на Министерството за економија за 2022 година на сметка 100011554763715, Потпрограма 3Д-Гасификација, ставка 485 Вложувања и нефинансиски средства, да ги префрли на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост, согласно Одлуката за зголемување на основната главнина на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна

сопственост, со влогови преку издавање на нови акции од десетта емисија по пат на приватна понуда.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за регулирање на обврските по Договор за заем со архивски број од Влада 21-10777/1 и архивски број на НЕР АД Скопје 05-5347/1 од 25.12.2019 година, ја усвои Информацијата и заклучи:

1. Го задолжи генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија до НЕР АД Скопје да достави податоци за сметка на која ќе се уплати/врати остатокот од заемот.

2. По исплатата на износот од 838.346,00 денари, Владата нема да има никакви побарувања од НЕР АД Скопје по Договор за заем со архивски број од Влада 21-10777/1 и архивски број од НЕР АД Скопје 05-5347/1 од 25.12.2019 година и заемот ќе се смета за целосно вратен.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапка за кредитно задолжување на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор и Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата по Годишниот извештај за работата на директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви за 2021 година го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работа на директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната установа „Национален парк Галичица“ Охрид, Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движни ствари без надомест во државна сопственост (компјутери), со предлог-одлуки и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за одбрана, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Уставниот суд на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Струмица (Имотен лист бр.13088), во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Струмица (Имотен лист бр.16702 и Имотен лист бр.16488), во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на спроведување на проектот „Изградба на водоснабдителен систем за град Крушево“ и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

-Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање да побараат од Општина Македонски Брод во рок од седум дена да ја даде потребната согласност во постапката на обезбедување на потребните дозволи, а доколку не постапи Општина Македонски Брод, надлежните министерства да пристапат кон одземање на соодветните надлежности на Општината.

**Точка 18**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето за давање на трајно користење на станбен простор и помошни простории сопственост на Република Северна Македонија во КО Росоман на КП бр.4615, на улица Маршал Тито во Росоман, со Предлог-одлука, за некоја од наредните седници на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисија за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да обезбеди мислење од Агенцијата за катастар на недвижности, како и нови мислења од Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство и да постапи по истите.

**Точка 19**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија за наредната седница на Владата со заклучок во координација на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, а имајќи ја предвид расправата на седницата на Владата, Министерството за економија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии да се усогласат по текстот на Предлогот на закон.

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија да се разгледа заедно со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи.

**Точка 20**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Предлог-енергетскиот биланс на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за донесување на Енергетскиот биланс на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Предлог-меморандум за соработка во туризмот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија, со усогласен текст на Меморандумот и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка во областа на туризмот меѓу Министерството за економија на Република Северна Македонија и Министерството за туризам на Република Бугарија.

2. Се овластува м-р Крешник Бектеши, министер за економија, да го потпише Меморандумот за соработка во областа на туризмот меѓу Министерството за економија на Република Северна Македонија и Министерството за туризам на Република Бугарија.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата во врска со престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Мирковец“, Општина Василево („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.219/20), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Мирковец“, Општина Василево, во предложениот текст.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата во врска со престанување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Острата Скрка“, Општина Струмица („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.218/20), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Острата Скрка“, Општина Струмица (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата со предлог на стратегија за унапредување на системот на јавните набавки во Република Северна Македонија, за периодот 2022-2026 година, со текст на Предлог на стратегија и Акциски план и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го усвои новиот текст на Стратегијата за унапредување на системот на јавните набавки во Република Северна Македонија, за периодот 2022-2026 година, како оперативен стратешки план.

2. Го прифати новиот текст на Акцискиот план за 2022 година за спроведување на Стратегијата за унапредување на системот на јавните набавки во Република Северна Македонија за периодот 2022-2026 година.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за правда и Секретаријатот за европски прашања, а им се препорачува на Државната комисија за

жалби по јавни набавки, Државната комисија за спречување на корупцијата, Комисијата за заштита на конкуренцијата и Државниот завод за ревизија, до Министертвото за финансии-Биро за јавни набавки, да номинираат по еден претставник во координативното тело за следење на спроведувањето на Стратегијата за унапредување на системот на јавните набавки во Република Северна Македонија за периодот 2022-2026 година, во рок од 15 дена.

4.Се задолжува директорот на Министерството за финансии-Биро за јавни набавки, во рок од 30 дена, да формира координативно тело за следење на спроведувањето на истата.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата по Барање за репрограмирање на долг бр.11-28/1 од 3.1.2022 година, поднесено од Општина Василево, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да склучи договор за регулирање на долг со должникот Општина Василево, со кој обврската за измирување на доспеаниот долг во вкупен износ од 4.143.145,00 денари, зголемен за камата во висина на референтната каматна стапка на Народната банка на Република Северна Македонија, ќе ја плати на пет еднакви месечни рати почнувајќи од 1.4.2022 година.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на повеќегодишна набавка на софтвер за новиот компјутеризиран транзитен систем-фаза 5 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност на Царинската управа на Република Северна Македонија за спроведување на постапка за јавна набавка за избор на изведувач за имплементација на новиот компјутеризиран транзитен систем-фаза 5, во вкупна вредност од 120.000.000,00 денари, со следниот начин и динамика на плаќање:

- 2.000.000,00 денари за 2022 година (обезбедени во Буџетот на Царинската управа за 2022 година),
- 94.000.000,00 денари за 2023 година и
- 24.000.000,00 денари за 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии-Царинска управа да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за преземените мерки на Министерството за животна средина и просторно планирање за подобрување на состојбата со нивото на водостојот на акумулацијата „Тиквешко Езеро“.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисија за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на фекална канализациска мрежа и главен колектор за н.м. Копаница, Општина Сарај и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од Буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2022, 2023 и 2024 година на Министерството за транспорт и врски, за Изградба на фекална канализациска мрежа и главен колектор за н.м. Копаница, Општина Сарај, во вкупна вредност од 66 милиони денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2022 година-средства во износ од 4,8 милиони денари со вклучен ДДВ;
- 2023 година-средства во износ од 30 милиони денари со вклучен ДДВ и
- 2024 година-средства во износ од 31,2 милиони денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид Мислењето на Министерството за финансии, потребните средства Министерството за транспорт и врски да ги обезбеди во рамки на максималните износи на расходи за 2023 година и 2024 година.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот „Реконструкција на фекална канализација на крак 4, 4.1, 4.2, 4.3, 4.4 и крак 5 во н.м. Росоман, Општина Росоман“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2022 и 2023 година на Министерството за транспорт и врски за реконструкција на фекална канализација на крак 4, 4.1, 4.2, 4.3, 4.4 и крак 5 во н.м. Росоман, Општина Росоман, во вкупна вредност од 10 милиони денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2022 година-средства во износ од 4 милиони денари со вклучен ДДВ и
- 2023 година-средства во износ од 6 милиони денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветни фискални години.

Исто така, предлагачот да го има предвид мислењето на Министерството за финансии потребните средства Министерството за транспорт и врски да ги обезбеди во рамки на максималните износи на расходи за 2023 година.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на фекален и атмосферски канализациски систем за населено место Градско Балдовци, Општина Струмица и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2022, 2023 и 2024 година на Министерството за транспорт и врски, за Изградба на фекален и атмосферски канализациски систем за населено место Градско Балдовци, Општина Струмица, во вкупна вредност од 86 милиони денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2022 година-средства во износ од 20 милиони денари со вклучен ДДВ;
- 2023 година-средства во износ од 40 милиони денари со вклучен ДДВ и
- 2024 година-средства во износ од 26 милиони денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветни фискални години.

- Исто така, да се има предвид Мислењето на Министерството за финансии со укажување, потребните средства Министерството за транспорт и врски да ги обезбеди во рамки на максималните износи на расходи за 2023 година и 2024 година.

**Точка 32**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Песочани-Требениште, км.0+000,00-км.12+698,72, за стабилизација на косини и санација на свлечишта од км. 3+5700 до км. 3+700, КО Ботун, Општина Дебрца, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Песочани-Требениште, км.0+000,00-км.12+698,72, за стабилизација на косини и санација на свлечишта од км. 3+5700 до км. 3+700, КО Ботун, Општина Дебрца, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Песочани-Требениште, км 0+000,00-км 12+698,72, за стабилизација на косини и санација на свлечишта, од км 4+020 до км 4+400 КО Ботун, Општина Дебрца, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Песочани-Требениште, км 0+000,00-км 12+698,72, за стабилизација на косини и санација на свлечишта, од км 4+020 до км 4+400 КО Ботун, Општина Дебрца, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека-Охрид, од км 10+424,89 до км 22+246,05, за санација и стабилизација на косина на км 17+040-км 17+460, КО Попоец, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека-Охрид, од км 10+424,89 до км 22+246,05, за санација и стабилизација на косина на км 17+040-км 17+460, КО Попоец, Општина Кичево, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за мала хидроелектрична централа Габровска Река со реф.бр.104 со придружни објекти, КО Доброште-вонград, Општина Теарце, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за мала хидроелектрична централа Габровска Река со реф.бр.104 со придружни објекти, КО Доброште-вонград, Општина Теарце, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрична централа на река Пена-локација бр.407 КО Бродец и КО Селце-вонград, Општина Тетово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрична централа на река Пена-локација бр.407 КО Бродец и КО Селце-вонград, Општина Тетово, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ Маркова со реф.бр.145 и придружни објекти КО Елово, КО Цветово, КО Малчиште, Општина Студеничани, со Предлог-одлука ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ Маркова со реф.бр.145 и придружни објекти КО Елово, КО Цветово, КО Малчиште, Општина Студеничани, во предложениот текст.

## Точка 39

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Текстил-Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 40

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Конкорд груп ДООЕЛ Скопје ул. Перо Наков бр. 31, Скопје, со Предлог-одлука ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 41

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за земјоделство, трговија и услуги Агро иднина ДООЕЛ увоз-извоз с.Мамутчево-Велес, со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 42

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за давање согласност за распределба на земјоделското земјиште во државна сопственост внесено во консолидационата маса согласно со предлогот за распределба на земјиштето во консолидационата маса претежно во катастарската општина Дабјани, Општина Долнени, во предложениот текст.

## Точка 43

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на анекс-договори за користење-концесија на дивечот во ловиштата согласно Законот за дополнување на Законот за ловството („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 283/21) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Даде согласност на новиот текст на Анекс-договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.6 „Крушевица“.

2. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.9 „Прилепец“.

3. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.10 „Подмол“.

4. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.15 „Рилево“.

5. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Думановце“.

6. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.3 „Беловодица“ .

7. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.4 „Витолиште“.

8. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.5 „Мелница“.

9. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.7 „Вепрчани“.

10. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.8 „Дуње“.

11. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.11 „Ерековци“.

12. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.12 „Тополчани“.

13. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.13 „Галичани“.

14. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.14 „Средорек“.

15. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.16 „Долнени“.

16. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.17 „Славеј“.

17. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.18 „Дабница“.

18. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.19 „Тројаци“.

19. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.1 „Шешково“.

20. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.3а „Огражден I“.

21. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.9 „Босилово“.

22. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.1 „Грешница“.

23. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Сушица”.

24. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.3 „Ботуше“.

25. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.6 „Даутица“.

26. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.7 „Сланско“.

27. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.8 „Вир“.

28. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.9 „Рамне“.

29. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.6 „Лесковица“.

30. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.3 „Нивичино“.

31. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.8 „Василево“ .

32. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.3 „Бомово“.

33. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Крстец“.

34. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Седларево“.

35. Да даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.8 „Групчин“.

36. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.9 „Требош“.

37. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.10 „Јанчиште“.

38. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.11 „Орашје“.

39. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.1 „Кадина Река“.

40. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Елово“.

41. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.13 „Батинци“.

42. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.14 „Говрлево“.

43. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Герман“.

44. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.7 „Петралица“.

45. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.8 „Отошница“.

46. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.1 „Исток“.

47. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.4 „Брајчино“.

48. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.3 „Ржаново“.

49. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.2„Дримкол“.

50. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.5 „Вратиславци“.

51. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Башибос“.

52. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Дебрца“.

53. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.1 „Вртешка“.

54. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.3 „Козјак“.

55. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.4 „Габер“.

56. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.5 „Липов Дол“.

57. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.7 „Драгоево“.

58. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.8 „Црешка“.

59. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.9 „Криви Дол“.

60. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.10 „Балван“.

61. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.1 „Градец“.

62. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.3 „Корешница“.

63. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.4 „Бесвица“.

64. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.1 „Тајмиште“.

65. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.1 „Железна Река“.

66. Даде согласност на Анекс договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.1 „Стровија“.

67. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.1 „Милисин“.

68. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.1 „Караорман“.

69. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.1 „Степанци“.

70. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.3 „Лукар“.

71. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.5 „Карабалија“.

72. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.6 „Беласица II“.

73. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.4 „Огражден“.

74. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.5 „Беласица I“.

75. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.1 „Водоча“.

76. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Варварица“.

77. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.7 „Тркања“.

78. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Добра Вода“.

79. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.3 „Турла“.

80. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.4 „Прострање“.

81. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.6 „Кнежино“.

**Точка 44**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за пренос на уделот во Друштвото за производство, трговија и услуги Бистрица ДОО с.Мајден, Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за коцкање и обложување „Ма гаминг“ ДООЕЛ Скопје за деловната просторија на ул. „Никола Вапцаров“ бр.7, Скопје, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Делчево, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата го донесе новиот текст на Решението за изменување на Решението за определување на членови на Комитетот за градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за изменување на Законот за административни службеници, по скратена постапка, за наредната седницата на Владата, поради потребата предлагачот дополнително да се усогласи со Министерството за финансии, во присуство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за униформата и ознаките на униформата на полицијата и ја донесе со заклучок во член 7 од истата наместо зборовите „а ќе отпочне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на оваа уредба“, да стојат зборовите „а ќе отпочне да се применува најдоцна во рок од една година од денот на влегувањето во сила на оваа уредба“.

**Точка 50**

Владата на предлог на предлагачот ја симна од дневен ред Предлог-одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1657 на Советот од 6 ноември 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1894 и Одлуката (ЗНБП) 2021/1966 на Советот од 11 ноември 2021 за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1894 за рестриктивни мерки во однос на неодобрените активности на дупчење на Турција во Источен Медитеран.

**Точка 51**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за образование и наука, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата го разгледа Барањето на Ана Опачиќ, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и врз основа на мислењето на Министерството за култура, утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 54**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за изменување на Решението за формирање на Советот за реформа на јавната администрација, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување на Решението за формирање на Советот за реформа на јавната администрација, во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Филхармонија на Република Северна Македонија-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Кочо Рацин“-Свети Николе (плата), во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Митко Пенџуклински“-Кратово, во предложениот текст.

## Точка 59

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2022 година на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски"-Скопје придружна членка на Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, во предложениот текст.

## Точка 60

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2022 година на Факултетот за исламски науки-Скопје, во предложениот текст.

## Точка 61

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 62

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов и притоа го утврди следново мислење:

Во врска со член 1 каде што се предлага додавање на два нови ставови (6) и (7) во член 31 по ставот (5) и бришење на алинеја 2 од ставот (6) се укажува дека докажувањето на ликвидноста во смисла на расположливи финансиски средства за откуп на земјоделски производи е веќе регулирано со членот 31 во ставот (6) алинеја 2 и ставот (7) од Законот и подзаконскиот акт кој произлегува од ставот (7) од истиот член. Исто така, се укажува дека со подзаконскиот акт кој произлегува од ставот (7) од истиот член како докази за ликвидност откупувачите обезбедуваат Информација за економско финансиска состојба од која се гледа дали откупувачот има позитивен или негативен показател за финансика ликвидност. Од увидот во овој документ доколку се утврди дека откупувачот има негативен показател за ликвидност откупувачот како доказ обезбедува писмо на интерес од деловна банка за докажување на расположливи финансиски средства за откуп за тековната година. Овие докази секој откупувач согласно член 31 став 3 секоја година ги обезбедува 30 дена пред почеток на окупот.

Во врска со член 2 каде што се предлага ставовите (4) и (5) од член 32 да се изменат се укажува дека откупувачите кои се присутни на нашиот пазар вршат окуп на различни земјоделски производи во различна сезона од годината. Во зависност од природата на земјоделскиот производ еден дел од земјоделските производи завршува на пазарот како свеж земјоделски производ, а дел од земјоделските производи кои се откупуваат од страна на откупувачите завршуваат во преработувачки капацитети кои понатаму во вредносниот синџир излегуваат како финални преработки на пример: ајвари, лутеници, вино, брашно, сирење, кашкавал и друго. Процесот на преработка до финален производ трае одредено време во зависност од земјоделскиот производ, а кај некои призводи овој период се движи и по неколку месеци. Исто така по добивањето на готовите производи односно финалните производи овие производи завршуваат на домашниот или странските пазари за кој исто така е потребно одреден временски период да се продадат и да се наплатат. Од овие причини роковите за исплата во постојаните ставови се смета дека се оптимални за најголемиот дел од земјоделските производи и доколку се изменат како што се предлага ќе дојде до нарушување на пазарот на земјоделските

производи. Со оглед на тоа што со постоечките законски одредби нема нарушувања на пазарот односно откупот на земјоделските производи и исплата на истите од страна на откупувачите се смета дека нема потреба од измена на одредбите во постојаната регулатива која го уредува овој дел од пазарот.

Со оглед на горенаведеното Владата на Република  Северна Македонија дава негативно мислење по однос на истиот.

**Точка 63**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Со членот 1 се предлага доколку земјоделското стопанство било корисник на финансиска поддршка во земјоделството непрекинато во претходните три години, исплата на директните плаќања по површина предмет на барањето за финансиска поддршка, кои не се дополнителни директни плаќања да се врши пред да се утврди дека корисникот ги исполнува условите за доделување на директни плаќања.

Со членот 2 се прецизира мерката  за инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи во однос на можноста истата да ја користат и физички лица за инвестиции во комерцијални возила за директна продажба на земјоделски производи и преработки од земјоделски производи.

Со членот 3 се предвидува можноста авансна исплата на финансиската поддршка за мерките од руралниот развој да се врши и за мерката од член 67-а.

Со членот 4 се зголемува процентот на поддршка за набавка на зелена нафта од 50 на 100%.

Со членот 5 се предлага за корисниците на средствата од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година да се одложи важењето на условите за подмирени обврски по други основи кои не се од областа на земјоделството, односно обврските за кои е надлежна Управата за јавни приходи.

Членовите 6 и 7 се преодни и завршни одредби со кои се уредува одложната примена на членот 1 од Законот како и влегувањето во сила на Законот.

По однос на предложените измени на Законот за земјоделство и рурален развој, Владата нема забелешки.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 103 став (1) алинеја 1 од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр.48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/20), Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор е надлежен да донесува статут.

Според член 95-а став (4) од истиот Закон, на Статутот на Агенцијата согласност дава Собранието на Република Северна Македонија.

По однос на текстот на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор Владата од формално-правен аспект укажува на следното:

1. Во членот 1 од Статутарната одлука ќе треба да се наведе точниот датум на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор односно 26.11.2012 година, при што ќе треба да изостане предлагањето на изменувањето на грбот на Република Северна Македонија, со оглед дека истиот не е уреден во одредбите на постојниот статут.

2. Со оглед дека во членот 3 од Статутарната одлука се предлага дополнување на членот 4 став (4) од постојниот статут дека текстот на печатот и штембилот треба да е напишан на македонски јазик со кирилско писмо и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија (албански јазик) на неговото писмо, се укажува дека аналогно на ова ќе треба да се преоцени потребата од предлагање соодветни измени на член 2 од Статутот, по однос на полниот и скратениот назив на Агенцијата, при што по однос на овие прашања ќе треба да се имаат предвид одредбите на член 7 ставови (1) и (3) од Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија" бр.7/19).

Освен тоа, се укажува дека во членот 3 од Статутарната одлука наместо дополнување на член 4 став (4) од Статутот ќе треба да се предложат соодветни измени на ставовите (2) и (3) од овој член во смисла да се наведе како би гласел текстот на печатот и штембилот на Агенцијата на македонски јазик со кирилиско писмо и на албански јазик со латинично писмо, при што ќе треба да се предложат и соодветни одредби за бришење на ставот (4) од овој член.

3. Во членот 4 од Статутарната одлука каде што се предлага измена на членот 5 став (2) од Статутот ќе треба да се прецизира во однос на кој Агенцијата е независна во своето работење и во донесувањето на одлуките, имајќи предвид дека согласно член 94 став (2) од Законот за железничкиот систем, Агенцијата е независна од надлежните органи од членот 5 став (3) од овој закон.

4. Со оглед дека со член 95-а став (2) алинеја 4 од Законот за железничкиот систем, Статутот на Агенцијата треба да содржи постапка за именување и разрешување на директорот на Агенцијата, се укажува дека во членот 8 од Статутарната одлука ќе треба да се преработи предложеното изменување на членот 14 став (2) и бришењето на ставот (3) од овој член, со оглед дека начинот на објавување на јавен оглас за именување на директорот на Агенцијата, како и условите кои треба да ги исполни именуваното лице за директор на Агенцијата се предмет на уредување на Статутот, ова дотолку повеќе што во ставот (5) од овој член е веќе уреден начинот на објавување на јавниот оглас.

5. Во членот 9 од Статутарната одлука во кој предлага во членот 15 од постојниот статут дополнување со нов став (6) во кој е утврдено дека ако директорот не е именуван, функцијата директор ќе ја врши лице вработено во стручната служба на Агенцијата кое за таа цел ќе биде овластено со одлука донесена од Управниот одбор, се до именувањето на нов директор на Агенцијата, но не подолго од шест месеци, се укажува дека ќе треба да изостане, со оглед дека во ставот (5) на овој член, како и во членот 106 став (5) од Законот за железничкиот систем е утврдено дека доколку мандатот на директорот е завршен, а постапката за именување на директор не е завршена, тогаш

директорот продолжува да ја врши функцијата се додека не се именува директор, но не подолго од шест месеци.

6. Во членот 10 од Статутарната одлука каде што се предлага нов член 15-а не е јасно зошто би се склучувал договор за вработување со лице на кое му бил завршен мандатот или било разрешено, поради што оваа одредба ќе треба да изостане.

7. Членот 12 и членот 13 став 2 од Статутарната одлука ќе треба да изостанат со оглед дека се предлага измена на завршната одредба од член 28 од Статутот, а дотолку повеќе што објавувањето на Статутот на веб страницата на Агенцијата не претставува предмет на уредување на овој статут.

8. Текстот на Статутарната одлука има потреба од правно-техничко дооформување и редакциско подобрување.

По однос на текстот на Предлог-одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, од формално-правен аспект се укажува на следното:

1. Како изричен правен основ за донесување на Предлог-одлуката ќе треба да се наведе член 95-а став (4) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр.48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/20).

2. Членот 1 од Предлог-одлуката ќе треба да се преработи во смисла дека со оваа одлука се дава согласност на предметната статутарна одлука, при што ќе треба да се наведе архивскиот број и датумот на истата, како и датумот на седницата на Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор кога истата била донесена.

3. Текстот на Предлог-одлуката има потреба од редакциско подобрување.

<u>**Точка 65**</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Иван Лотески од Охрид, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.2/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 3 став 1 алинеја 3, член 4 ставови 1 и 2, член 12 став 3, член 13 став 1, член 16 став 5 и член 39 став 1 алинеја 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) и притоа го утврди следново мислење:

Со поднесената Иницијатива, подносителот, бара Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста на член 3 став 1 алинеја 3, член 4 ставови 1 и 2, член 12 став 3, член 13 став 1, член 16 став 5 и член 39 став 1 алинеја 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019).

Со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ 101/19) се уредуваат условите, начинот и постапката за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања утврдени со закон и дејности од јавен интерес и политичките партии во делот на приходите и расходите.

Во членот 3 став (3) алинеја 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се уредува значењето на изразот „ баратели на информација" е секое правно и физичко лице без дискриминација по која било основа, на начин и под услови утврдени со овој и друг закон.

Во членот 4 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер уредено е дека слободен пристап до информации имаат сите правни и физички лица, а во став (2) дека слободен пристап до информации имаат и странски правни и физички лица во согласност со овој и друг закон.

Членот 12 став (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер уредува дека секој барател врз основа на барање има право на пристап до информација од имателот на информации со кои располага, и тоа со увид, препис, фотокопија или електронски запис.

Членот 13 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер уредува ако барателот бара пристап до информација со усно барање, имателот на информацијата е должен на барателот да му овозможи пристап до информацијата, на начин со кој барателот ќе има доволно време да се запознае со нејзината содржина, за што имателот на информацијата составува записник, освен ако се работи за информации од членот 6 став (1) од овој закон.

Членот 16 став (5) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер уредува дека барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за барање за пристап до информации.

Во членот 39 став (1) алинеја 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, уредено е дека глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на службеното лице кај имателот на информацијата доколку побара образложение од барателот на информацијата спротивно на членот 16 став (5) од овој закон.

Со предложената Иницијатива подносителот ги оспорува горе изнесените одредби поради нивна спротивност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, односно според подносителот се повредени член 8, член 9, член 17, член 18, член 25 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија.

Во Иницијативата наведува дека со горе изнесените одредби се повредени членот 4 став 1 алинеја 8 , членот 42 став 1 и членот 52 став 3 од Законот за општата управна постапка.

Истовремено подносителот на Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 3 став (1) алинеја 3, член 4 ставови (1) и (2), член 12 став 3, член 13 став (1) , член 16 став (5) и член 39 став (1) алинеја 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за укинување/поништување на наведените членови од законот.

Уставот на Република Северна Македонија, како највисок правен акт во правниот систем на државата, во членот 16 став 3 го гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации.

Членот 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, кој се однесува на исклучок од слободен пристап до информации гласи:

„ Член 6

(1) Имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до:

1) информација која врз основа на закон претставува класифицирана информација со соодветен степен на класификација;
2) личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци;
3) информација чие давање би значело повреда на доверливоста на даночната постапка;
4) информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката;
5) информација која ги загрозува правата од индустриска или интелектуална сопственост (патент, модел, мостра, стоковен и услужен жиг, ознака на потеклото на производот).

(2) Информациите утврдени во ставот (1) на овој член, стануваат достапни кога ќе престанат причините за нивната недостапност.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член имателите на информации ќе одобрат пристап до информација, по задолжително спроведениот тест на штетност со кој ќе се утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата.

(4) Ако документот или негов дел содржи информации од став (1) на овој член, што можат да се одвојат од документот без притоа да се загрози неговата безбедност, имателот на информации ги одвојува тие информации од документот и го известува барателот за содржината на останатиот дел од документот.“

Имајќи ги предвид членот 16 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија и членот 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение со кое нема да поведе постапка за оценување на уставноста на член 3 став (1) алинеја 3, член 4 ставови (1) и (2), член 12 став 3, член 13 став (1) , член 16 став (5) и член 39 став (1) алинеја 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

## Точка 66

Владата ја разгледа Понудата од нотар Методија Ристоски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.70483 за КО Маџари, КП бр.311, викано место/улица Жан Жорес и по Понудата ги усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и негативното Мислење на АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 67

Владата ја одложи од разгледување Понудата од нотар Маринчо Вељановски од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.70397, Имотен лист бр.70518, Имотен лист бр.71003 и Имотен лист бр.18019 за КО Битола 5, на КП бр.17516, Викано место/улица „Боримечка“ за наредната седница на Владата поради потребата

Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје да достави мислење по истата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васил Кузманоски од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.103563, за КО Охрид 4, на КП бр.3912, викано место/улица „Град“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Христина Стаменкова од Свети Николе, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.300, за КО Мечкуевци, на КП бр.1414, викано место/улица Минтеви ливади и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Христина Стаменкова од Свети Николе за право на првенствено купување на недвижен имот-земјиште со Имотен лист бр.274 за КО Мечкуевци, КП бр.1977 на викано место/улица Смрково и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Башким Амети од Скопје, за размена на недвижен имот-идеални делови со Имотен лист 96515 за КО Ѓорче Петров 6 на КП 9759 и со Имотен лист 93572 за КО Ѓорче Петров 6 на КП 9760 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.40723 за КО Центар 1 на КП бр.13112 на викано место/улица Бл.Деспотов, со дополнувањето и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Махир Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5147, за КО Ѓорче Петров 3-Дексион, на КП бр.4343, викано место/улица П.Гиновски, со дополнување и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и негативното мислење на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката-Скопје.

**Точка 74**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Васко Блажевски од Скопје под И.бр.1809/18 за Налог за извршување врз недвижен имот-земјоделско земјиште

запишан во Имотен лист број 401 КО Г Коњари и по истото го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 75**

**1.** Владата го избра Ридван Асани за член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост Скопје.

**2.** Владата го именува Хисен Џемаили за директор на Управата за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање, досегашен вршител на должноста директор на Управата и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**3.** Владата го разреши Дарко Смилевски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Поликлиника на секундарно ниво Железара -Скопје, на негово барање.

3.1 Владата го именува Нуран Веселов за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Поликлиника на секундарно ниво Железара Скопје.

**4.** Владата ја разреши Афродита Рамадани од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза со П.О. Скопје, поради истек на мандатот.

4.1 Владата го именува Насер Османи за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза со П.О. Скопје.

**5.** Владата го разреши Ридван Асани од должноста член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, претставник од Министерството за здравство.

5.1 Владата го именува Арбен Лабеништи за член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, претставник од Министерството за здравство.

**6.** Владата ја разреши Лидија Ацовска од должноста член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови.

6.1 Владата ја именува Санида Рамаданоска за член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови.

**7.** Владата ја разреши Љубица Зареска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ за деца-Детско одморалиште „Илинден“-Гостивар, на нејзино барање.

7.1 Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ за деца-Детско одморалиште „Илинден“-Гостивар ги именува:

претставник на основачот
-Андријана Аврамоска

претставник од јавната установа
-Сами Алија

претставник на родителите
-Снежана Милошеска

**8.** Владата го именува Васко Стефанов за заменик на директорот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија-Скопје.

**9.** Владата го разреши Ване Цветанов од должноста в.д. претседател на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

**10.** Владата го именува Александар Наумоски за в.д претседател на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**11.** Владата заклучи да и препорача на Агенцијата за управување со одземен имот да му предложи на Собранието на АД за промет на големо и мало со прехранбени и непрехранбени стоки, надворешно трговски промет, производство и услуги во прометот Славија извоз-увоз Скопје, од должноста членови на Надзорниот одбор на АД „ Славија “ да ги разреши Тања Митев, Енвер Бељуров, Надица Василева- Мешкова, Донка Гаџовска и Александар Манасиевски, а за членови да ги именува Душко Петров, Шпенд Тахири, Иво Гаќина, Лидија Ацовска и Зејнула Елези.

**12.** Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на претседател на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

## Точка 76

**1.** Владата заклучи:

-Се задолжуваат сите државни институции во кои се склучени менаџерски договори или други договори за уредување на односите помеѓу раководните лица и самата инстутиција истите во рок од четири дена (18 март 2022 година, петок) да ги достават до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции на следната адреса за е-пошта: stojned.ivanoski@gs.gov.mk, како и во хартиена форма преку архивата на Владата на Република Северна Македонија.

**2.** Во врска со Одлуката бр.41-133/1 од 8 февруари 2022 година на Владата на Република Северна Македонија, со која се одобруваат средства во износ од 9.912.000,00 денари за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ -Скопје, Владата заклучи:

1) Се задолжува Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ-Скопје за првата наредна седница на Владата, да достави Предлог-одлука за изменување на Одлуката за одобрување на средства за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ-Скопје, бр.41-133/1 од 8 февруари 2022 година на Владата на Република Северна Македонија, во насока во членот 1, износот „9.912.000,00 денари“ да се замени со износот „8.700.000,00 денари“.

2) Се задолжува Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ-Скопје да достави нова Предлог-одлука за зголемување на основната главнина на Друштвото, да даде нова Изјава за преземање на нов влог, како и да достави нова Предлог-одлука за изменување на Изјавата за основање на трговското друштво, согласно горенаведената измена.

**3.** Владата по повод укажувањето на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во врска со Мерка 4-Ослободување од надоместокот за МУКС (петти сет економски мерки), го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да склучи договор со Агенцијата за електронски комуникации, за донација на износ од вкупниот надоместок кој медиумите во Република Северна Македонија, го плаќаат по овој основ за 2022 година и средствата по основ на овој договор за донација, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги искористи исклучиво за реализација на оваа мерка, за која е потребно да подготви Информација и да ја извести Владата

**4.** Владата по Предлог-антикризните мерки за рационализација на трошоците во јавниот сектор ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжуваат сите буџетски корисници и единки корисници да ги намалат расходите за стоки и услуги за 10% (не вклучувајќи ги расходите за електрична енергија согласно постојните договори со снабдувачите) и да достават соодветен предлог за рационализација на трошоците до Министерството за финансии најдоцна до 21 март 2022 година.

2) Во текот на 2022 година се забранува започнување на нови постапки за набавка на мебел и возила, освен за неопходните активности за работењето на институцијата по претходна согласност од Владата.

3) Се задолжуваат сите буџетски корисници и единки корисници да ги намалат за 50% расходите за репрезентација, спонзорства и реклами во јавниот сектор, како и задолжително да го сведат на минимум користењето на службените возила.

4) Се задолжуваат сите буџетски корисници и единки корисници да го рационализираат бројот на службени патувања и значително да се намали бројот на членови на делегации при патувања во странство.

5) Се задолжуваат јавните претпријатија и АД во државна сопственост да ги намалат тековните расходи за 15% и за тоа да ја известат Владата во рок од 15 дена. Согласно оваа мерка, јавните претпријатија основани од државата и АД во државна сопственост да ги преработат своите финансиски планови и инвестициони програми и за истото во рок од 15 дена да ја информираат Владата.

6) Се препорачува на единиците на локалната самоуправа, локалните јавни претпријатија, останатите установи кои се под надлежност на општините и регулаторните тела, да ги следат донесените владини мерки и да преземат активности за рационализација на нивните расходи.

7) Се задолжуваат буџетските корисници и единките корисници до крајот на 2022 година да ги почитуваат мерките за намалување на расходите, а на општините, јавните претпријатија, АД во државна сопственост и останатите субјекти во јавен сектор им се препорачува да ги почитуваат донесените антикризни мерки и да се воздржат од помалку суштинските расходи.

**5.** Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски ги информираше членовите на Владата дека донел Одлука за формирање на Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**6.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија за период од 7 март 2022 година до 13 март 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**7.** Владата го одложи од разгледување Барањето за склучување на договор за продажба на деловен простор и Понуда за купопродажба на деловен простор во ГТЦ, за наредната седница на Владата, поради потребата мислења да достават Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи и Агенцијата за катастар на недвижности.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**8.** Владата по повод укажувањето на д-р Фатмир Бесими, министер за финансии во однос на Колективниот договор за култура го задолжи Министерството за култура да започне постапка за склучување на нов колективен договор за културата, со кој системот на плати ќе се усогласи со платите на административните службеници, односно да се примени методологијата која ја користи Министерството за информатичко општество и администрација во Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници и истото да се однесува само на усогласување на најниските плати до нивото на минималната плата и да нема дополнителни финансиски импликации.

**9.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија, за период од 1 март 2022 година до 7 март 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**10.** Владата по Барањето од Министерството за финансии за изменување на Заклучок, донесен по Барањето насоки во однос на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост на Сто дваесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 декември 2021 година, Точка 63, заклучи, заклучокот да се измени и да се дополни со два нови заклучоци кои гласат:

„1) Се задолжуваат Министерството за финансии-Управа за имотно правни работи и Министерството за транспорт и врски, да одржат работен состанок за дополнително усогласување/координација, со цел за изнаоѓање на решение за градежното земјиште во државна сопственост на кое постоело право на користење, а за кое по истекот на рокот (31.12.2021 година), не се поднесени барања за приватизација.

2) Се задолжува Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи да подготви и до Владата да достави соодветни измени во Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/05, 13/07, 165/08, 146/09, 18/11, 51/11, 27/14, 144/14, 72/15, 104/15, 153/15, 23/16, 178/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), во делот на одредбите од постојниот Закон кои се однесуваат на постапката за воспоставување на закуп на градежно изградено земјиште.

3) Се задолжува Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи да подготви и до Владата да достави подзаконски акти кои се однесуваат на закупот-Уредба за висината на закупнината на градежно изградено земјиште кое е предмет на закуп, како и начинот на наплата на закупнината и Уредба за висината на закупнината за градежно земјиште во државна сопственост што е предмет на приватизација по воспоставен закуп“.

**11.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 3 март 2022 година до 9 март 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**12.** Владата ја одложи од разгледување Информацијата за импликациите од примената на член 8 од Уредбата за прогласување на кризна состојба за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за економија, АД МЕПСО во државна сопственост Скопје и Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија до Владата да достават ревидирана предлог- уредба за прогласување на кризна состојба.

**13.** Владата ја одложи од разгледување Дополнителната информација за потребата од обезбедување на парични средства за надоместување на трошоците кои се причинети на АД МЕПСО во државна сопственост-Скопје како последица на отстапувањата кои АД ЕСМ-Скопје ги има направено за октомври и ноември 2021 година за наредната седница на Владата.

**14.** Владата ги задолжи сите органи на државната управа и правни лица основани од државата, во рок од седум дена, да овластат и до Владата да номинираат член и заменик-член, од редот на вработените лица кои ќе го следат процесот на соодветно прикачување на документација и реализација на активностите и задачите во системот e-vlada, системот за следење на програми (PPMS), со цел следење на имплементација на системите.

**15.** Владата по Барањето од Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди за изменување на Заклучок по Информацијата за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди со вкупен извештај за штета во периодот 1.11.2021 година-13.1.2022 година, усвоена на Дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 март 2022 година (бр.41-889/1) точка 42, заклучи да

изостане последната реченица од првиот заклучок која гласи: „Исплатата да се изврши по ребалансот на Буџетот“.

**16.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 5 март 2022 година до 11 март 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 77

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Националната програма „2021-година во чест на Блаже Конески“ со која Република Северна Македонија го одбележа големиот јубилеј-100 години од раѓањето на македонскиот лингвист и великан, како материјал за информирање.

## Точка 78

Владата го разгледа Извештајот за работата на Советот за македонски јазик (јануари-јули 2021 година), како материјал за информирање.

## Точка 79

Владата го разгледа новиот текст на Финансискиот план на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија со табеларни параметри согласно урнеците за финансиско управување за користење средства за 2022 година кои произлегуваат од Буџетот и други материјални закони, како материјал за информирање.

## Точка 80

Владата ја разгледа Информацијата со статистички податоци за цела 2021 година (по месеци) за тоа колку барања за издавање на потврди за пријави-одјави за вработување на странци во тој период се доставени до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, по колку од нив е постапено и во кој рок, како материјал за информирање.

## Точка 81

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за период од 1.10.2021 година до 31.12.2021 година донесена од Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје бр. 02-922/3 од 3 февруари 2022 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи надлежните органи на Друштвото да преземаат мерки за подобрување на наплатата на побарувањата и навремено измирување на обврските, со цел подобрување на ликвидноста во работењето на Друштвото.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со спроведено оценување на Комисијата за оценување и анализа на резултатите добиени од спроведеното мерење на квалитет согласно Методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите, како материјал за информирање.

**Точка 83**

Владата ги разгледа конечните извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Министерството за правда (сметка на основен буџет 631, сметка на основен буџет 637 и депозитна сметка 696), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за правда да пристапи кон подготвување на акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од конечните извештаи за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Министерството за правда (сметка на основен буџет 631, сметка на основен буџет 637 и депозитна сметка 696) и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 84**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Управување со јавниот долг-задолжување на Република Северна Македонија“, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Министерството за финансии да пристапи кон подготвување на акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Управување со јавниот долг-задолжување на Република Северна Македонија“ и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 85**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во 2021 година, како материјал за информирање

**Точка 86**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба во 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Програма за заштита на природата за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за јануари 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата со известување за донесеното Решение за одобрување на ловење на дивеч под заштита и преземени мерки од Агенцијата за храна и ветринарство во однос на појавата на „африканска чума“ кај свињите, како материјал за информирање.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправна сеча на шуми, во периодот од 1 октомври 2021 година до 31 декември 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 91**

Владата го разгледа новиот текст на Шестмесечниот извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јули-декември 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот во спроведување на проектот Регионален портал на деловни регистри на Југоисточна Европа-Бифидекс, како материјал за информирање.

**Точка 93**

Владата го разгледа Извештајот за распределба на средства (согласно Одлуката на Влада бр. 40-12854/1 од 21 декември 2021 година), како материјал за информирање.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 94**

Владата ја разгледа Предлог-одлука за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката 2014/145/ЗНБП на Советот од 17 март 2014 година за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и регулативата на Советот (ЕУ) 269/2014 од 17 март 2014 година за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 95**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за воведување рестриктивни мерки согласно одлуката (ЗНБП) 2022/267 на Советот од 23 февруари 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата на Советот за спроведување (ЕУ) 2022/261 од 23 февруари 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и условно ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/354 на Советот од 2 март 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/353 на Советот од 2 март 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитетот и независноста на Украина и ја донесе Одлуката, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 97**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 98**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Cold Response 22 " во Кралство Норвешка, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Cold Response 22 ", во Кралството Норвешка, во предложениот текст.

**Точка 99**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-Одлуката за одобрување средства од Резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година (Државна изборна комисија), за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да достави нов текст на Предлог-одлука од која ќе биде изземен износот за подмирување на преостанати обврски за платено политичко рекламирање.

Истовремено, Владата ги задолжи д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, да утврдат дали политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Северна Македонија и независните кандидати, а кои користеле средства од Државната изборна комисија за платено политичко рекламирање, постапувале согласно законските прописи во државата.

**Точка 100**

Владата ја разгледа Информацијата за сместувачките капацитети на државните органи за подготовка на активности за евентуална бегалска криза предизвикана од воените дејствија во Република Украина и формира работна група со претставници од Министерството за надворешни работи-како координатор, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Министерството за здравство и Црвениот крст на Република Северна Македонија, која до Владата да достави соодветни решенија за бегалската криза која се случува како резултат на воените дејствија во Република Украина.

**Точка 101**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/265 на Советот од 23 февруари 2022 година за изменување на

Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина, Регулативата (ЕУ) 2022/259 на Советот од 23 февруари 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) 269/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/260 на Советот од 23 февруари 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 269/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 102**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/331 на Советот од 25 февруари 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитетот и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/332 на Советот од 25 февруари 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитетот и независноста на Украина и условно ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 103**

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 104**

Владата го донесе новиот текст на Деловникот за изменување на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 105**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/241 на Советот од 21 февруари 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/236 на Советот од 21 февруари 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 106**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/337 на Советот од 28 февруари 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/336 на Советот од 28 февруари

2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 269/2014 за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 107**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/329 на Советот од 25 февруари 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата (ЕУ) 2022/330 на Советот од 25 февруари 2022 година за изменување на регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и ја донесе Одлуката, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 108**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, го утврди текстот на Предлог-законот усогласен со Секретаријатот за законодавство и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николовски, заменик на министерот за финансии, а за повереници, д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, Шасине Касами, директор на Управата за имотно-правни работи и Валентина Димитрова, раководител на сектор во Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи.

**Точка 109**

Владата повторно го разгледа Предлог-решението за изменување на Решението за формирање на Работна група за подготовка на текстови за изменување и дополнување на закони заради дигитализација на процесите поврзани со постапките утврдени со закон и го донесе новиот текст на Решението за изменување на Решението за формирање на Работна група за подготовка на текстови за изменување и дополнување на закони заради дигитализација на процесите поврзани со постапките утврдени со закон, во предложениот текст.

**Точка 110**

Владата ги одложи од разгледување Предлог -одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности и Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари без надомест на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, поради потребата, Општина Струга, Министерството за култура, Управа за заштита на културно наследство и Агенција за катастар на недвижности да одржат состанок на кои ќе ги усогласат спорните прашања и за втората редовна седница на Владата да предложат соодветно решение.

**Точка 111**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од временско продолжување на Проектот за итно справување со ковид-19, и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

-Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство да започнат активности пред Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка за временско продолжување на Проектот за итно справување со „ковид-19“ до 30.6.2023 година, како и за преалокација на средства по категории, која не надминува 15% од износот на категоријата .

**Точка 112**

Владата ги одложи од разгледување Предлог -одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности и Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари без надомест на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, поради потребата, Општина Струга, Министерството за култура, Управа за заштита на културно наследство и Агенција за катастар на недвижности да одржат состанок на кои ќе ги усогласат спорните прашања и за втората редовна седница на Владата да предложат соодветно решение.

**Точка 113**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 114**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на видот на добрата и временскиот период на ослободување од плаќањето на данокот на додадена вредност во земјата со право на одбивка на претходниот данок, во предложениот текст.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:25 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**